# Европска програма за споредба

## Ц_ЕПС_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за пресметка на БДП по расходен метод | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Верица Постолова | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| verica.postolova@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295-886 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 311-336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 18/12/2024 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |

18/12/2024

## 2.3 Последно ажурирање на метаподатоците

18/12/2024

# 3 Статистичка презентација

## 3.1 Опис на податоците

Индекси на ниво на цените (ИНЦ), Номинална потрошувачка во националната валута, како извлечена од националните сметки на секоја земја, Номинална расходи како процент од бруто-домашниот производ (БДП), Номинална потрошувачка во евра, Номинална потрошувачка по жител во евра, Реални трошоци, дефинирани како номинален трошоци, поделени со ПКМ, Реални расходите по жител, Волуменски индекси на реална потрошувачка по жител, Индикатор на цената на конвергенција, (се дефинира како коефициент на варијација на ИНЦ на финалната потрошувачка на домаќинствата).

## 3.2 Систем на класификации

- Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2; - Национална класификација на занимањата, НКЗ; -Класификација на личната потрошувачка според намената, КЛПН;

## 3.3 Опфат на сектор/и

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Европската програма за споредба е добивање на меѓународно споредливи податоци за расходните ставки на БДП меѓу земјите, а со цел нивно рангирање според степенот на економската развиеност и споредба на големината на економиите. Паритетот на куповната моќ (ПКМ) се дефинира како стапка на конверзија на валутите која го елиминира влијанието на нивото на цените меѓу земјите, изразувајќи ја реалната потрошувачка како куповна моќ. Со тоа се прави споредлив показател за обемот на БДП меѓу земјите на реална основа. Всушност, ПКМ го изразува односот меѓу цените во национални валути за иста количина производи во различни земји. ПКМ е ценовен однос кој го покажува односот на цените во националната валута за исти стоки или услуги во различни земји.Се пресметува за групи на производи и за секое различно ниво, сé до повисока агрегација, вклучувајќи и БДП. Паритетот на куповната моќ (ПКМ) е индикатор за различни нивоа на цени помеѓу различни земји. ПКМ ни кажува колку парични единици вредат одредено количество на стоки и услуги во различни земји.ПКМ на тој начин може да се користи како валута која ги конвертирате трошоците изразени во националните валути во вештачки заедничка валута Стандард на куповна моќ (СКМ), со елиминирање на влијанието на различното ниво на цените во сите земји. Главна употреба на ПКМ е да ги конвертира агрегатите на националните сметки, како и на бруто-домашниот производ (БДП) на различни земји,во споредливи волуменски агрегати. Употребата на СКМ гарантира дека БДП на сите земји е изедначен на ценовно ниво и на тој начин се одразуваат само разликите во реалниот обем на економијата. СКМ се

применува и во анализите на реалните нивоа на цените во сите земји. За таа цел, СКМ е одвоен од страна на сегашниот номиналниот девизен курс за да се добие индекс на ниво на цени (ИНЦ), што го изразува нивото на цените на дадена земја во однос на друг, или во однос на групата на земји како ЕУ28.

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

Извештајни единици снимателии на цени на производи и услуги.

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

Статистичка популација се производите и услугите дефинирани во листите на Евростат.

| 3.7 | Референтна област |
|---|---|

Република Северна Македонија и статистички региони.

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

Од 1997 година, податоци за ПКМ, ИНЦ за БДП, вистински личната потрошувачка и трошоци на финалната потрошувачка на домаќинствата. Од 2003 година се достапни податоци за сите останати категории.

| 3.9 | Базен период |
|---|---|

Не е применливо

| 4 | Единица на мерење |
|---|---|

денари (ден.)

| 5 | Референтен период |
|---|---|

Година (календарска година од 01.01. до 31.12.)

| 6 | Институционален мандат |
|---|---|

| 6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА
Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007,
51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) ) http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx и Програма за статистички истражувања 2023-2027 („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/23).

Законодавство на ЕУ:Регулатива (ЕУ) бр. 549/2013 на Европскиот парламент и на Советот.

Меѓународни стандарди:Европски систем на сметки ЕСС 2010, Евростат, 2013

| 6.2 | Споделување на податоци |
|---|---|

Временска серија за податоци: од 2007 година преку eDAMIS до Евростат.

| 7 | Доверливост |
|---|---|

| 7.1 | Доверливост - политика |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx .
2. Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf

| 7.2 | Доверливост - третирање на податоците |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ) и Политиката за доверливост (https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ),индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување на Евростат.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено (или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Тригодишна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

http://www.stat.gov.mk/Default.aspx

"Воспоставен линк до соопштенијата од ЕПС на веб страната на ЕВРОСТАТ: „Компаративни нивоа на цени на стоки и услуги за финална потрошувачка на домаќинствата ", „БДП по жител, потрошувачка по жител и компаративно ниво на цени ", „Компаративни нивоа на цените за инвестиции во основни средства".

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

## 10.2 Публикации

## 10.3 Онлајн база на податоци

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 )

## 10.5 Друго

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

## 10.6 Документација за методологијата

http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblasti.aspx

Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Меѓународна споредба на бруто-домашниот производ, 2011 година (Податоци од Европската програма за споредба, 2011)“.

## 10.7 Документација за квалитетот

Не е релевантно.

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( https:www.stat.mk/ZaNas.aspx?id=2 ) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-https://ec.europa.eu/eurostat documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf).Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 46 и член 4в ( https://www.stat.gov.mk/ ZakonZaStatistika.aspx ).

## 11.2 Оценка на квалитетот

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Индикаторите добиени од ПКМ се користат за широк спектар на аналитички цели и често обезбедуваат основни информации за креирање на политиката во европските институции, во меѓународните организации како Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, како и во Владата, медиумите и сл.

| 12.2 | Задоволство на корисниците |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | Комплетност |
|---|---|

Не се пресметува.

| 13 | Точност и веродостојност |
|---|---|

| 13.1 | Севкупна точност |
|---|---|

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

| 13.2 | Примерочни грешки |
|---|---|

Не е применливо.

| 13.3 | Непримерочни грешки |
|---|---|

Не е применливо.

| 14 | Навременост и точност |
|---|---|

| 14.1 | Навременост |
|---|---|

Т+1095.

| 14.2 | Точност |
|---|---|

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

| 15 | Кохерентност и споредливост |
|---|---|

| 15.1 | Географска споредливост |
|---|---|

Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

| 15.2 | Временска споредливост |
|---|---|

Обезбедена е споредливост на податоците од 1997 година, без прекин во временската серија. Број на референтни периоди во временската серија - 25.

| 15.3 | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

| 15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

| 16 | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Не се пресметува.

| 17 | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.1 | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.2 | **Практика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Ревизија на податоците се прави со промена на ЕСС 2010. Во декември 2016 година, по воведувањето на ЕСС 2010 година, беше ревидирана цела серија на податоци за ПКМ.

| 18 | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| 18.1 | **Извори на податоци** |
|---|---|

Податоците се прибираат според листите на производи и услуги дефинирани во Евростат.

| 18.2 | **Фреквенција на прибирање податоци** |
|---|---|

Годишна: -Преглед на надомест на вработените во јавниот сектор; истражување за цените на болничките услуги, истражувањето за градежништво и истражување за податоци за ренти. Двегодишна: -Истражување за опрема, Тригодишна: -Потрошувачка на домаќинствата: шест истражувања кои ги покриваат различни делови на потрошувачката на домаќинствата, што се врши во текот на тригодишен циклус (две истражувања годишно).

| 18.3 | **Прибирање на податоците** |
|---|---|

Годишни надоместоците на вработените во јавниот сектор вклучувајќи ги и социјалните придонеси за одредени професии во колективни услуги обезбедени од страна на владата, За градежништво цените се собираат преку изработка на градежни проекти со тендерски цени, Бруто-инвестиции: за опрема цените се собираат од добавувачите на инвестициски добра, Потрошувачка на домаќинствата: цени прибрани од различни места (пазари, продавници, супермаркети, специјализирани продавници, услужни претпријатија, итн.), обично со посета на продавници, но исто така, и преку телефон или интернет, Сите

останати податоци се од статистичките истражувања на ДЗС и др.

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. Проверка се врши и на готовите податоци пред нивното објавување.

## 18.5 Компилирање податоци

Едитирање: Пристигнатите податоци, по проверката и евентуалната корекција, се внесуваат на електронски медиум. Пресметка: Сите пресметки се прават во Евростат во три фази: Прво, на ниво на производ каде што ценовните односи се пресметуваат за индивидуални стоки и услуги (на пример, јаболка). Второ е нивото на производи каде што нивоата на цените пресметани за производите во групата се упросечуваат за да се добие непондериран ПКМ за групата (на пример, свежо овошје). Трето е нивото на агрегација каде што ПКМ за агрегираната група на производи се пондерира и упросечува за да се добие пондериран ПКМ за агрегирано ниво сè до БДП. Пондерите кои се употребени за ПКМ во третата фаза се трошоците за група на производи кои се воспоставени и се преземаат од националните сметки.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо

## 19 Коментар

## A.1 Анекси